РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-1
30.01.2017 година
СКОПЈЕ

10.5.2017
08 923/2

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма Родови студии, втор циклус едногодишни студии и студиската програма Родови студии, втор циклус двегодишни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма Родови студии, втор циклус едногодишни студии и студиската програма Родови студии, втор циклус двегодишни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 17-198/2 од 27.12.2016 година за акредитација на студиската програма Родови студии, втор циклус едногодишни студии на Филозофскиот факултет и Решение бр. 17-198/3 од 27.12.2016 година за акредитација на студиската програма Родови студии, втор циклус двегодишни студии на Филозофскиот факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-266/13 од 30.12.2016 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-1 од 03.01.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми.

Министерството за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-1 од 17.01.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 18.01.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-3421 од 05.01.2017 година, каде е наведено дека за студиската програма Родови студии, втор циклус едногодишни студии и студиската програма Родови студии, втор циклус двегодишни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 3

изработил: Билјана Зафировска
прегледал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити